Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09,18/10 и 15/14)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2015 година, донесе:

**П Р А В И Л Н И К**
**за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува постапката на определување кои здруженија, фондации и сојузи (во понатамошниот текст корисници) ќе користат простории сопственост на Општина Велес, како и начинот на користење на просторот.

На овој начин Општина Велес ќе овозможи подеднакви услови за работа на сите корисници што делуваат на територијата на Општина Велес. Поддршката што Општина Велес ја нуди е ослободување од плаќање надоместок за користење на просторот (закупнина) што е значителна ставка во нивното досегашно делување.

## ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ

**Член 2**

Постапката на определување на корисниците ја спроведува Комисија именувана од Советот на Општина Велес.

**Член 3**

Комисијата од предходниот член на овој Правилник ја започнува постапката за определување на корисниците со Јавен повик кој ќе се објави во средствата за јавно информирање, веб страната на Општината и на друг соодветен начин достапен на јавноста.

Јавниот повик трае 10 дена.

**Член 4**

По предлог на Комисијата, Одлука за користење на просториите донесува Советот на Општина Велес со временска рамка од 3 години. Врз основа на оваа Одлука, Градоначалникот склучува договор со секој корисник поединечно.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ

**Член 5**

Корисниците што ќе се пријават на Јавниот повик треба да ги исполнуваат следните услови:

- Да немаат сопствени простории за работа;
- Да доставаат доказ дека се регистрирани;
- Да доставаат листа за реализирани проекти од интерес на граѓаните на Велес;
- Да имаат развиена соработка со другите граѓански организации од градот, Републиката и странство;
- Да имаат Годишна програма за работа од која можат да се видат нивните следни активности;
- Со својата работа ги развиваат демократските процеси и граѓанските иницијативи;
- Да го прифаќаат Планот за распоред на користењето на просториите;
- Да го почитуваат Куќниот ред за одржување на просториите;

## ОБВРСКИ НА КОРИСНИЦИТЕ

**Член 6**

Корисниците се обврзуваат:

-да се однесуваат кон просторот како добри домаќини (да го чуваат инвентарот, да внимаваат на употребата на грејните тела, тековно да ја одржуваат хигиената во просториите – чистење, белење, фарбање, изнесување смет и тн.);

-да го почитуваат распоредот за користење на просторот;

-да го користат просторот исклучиво за своите активности;

-да го почитуваат куќниот ред на објектот:

-редовно да ги подмируваат сметките за комунални трошоци (струја, вода и др.)

-да се грижат за хигиената на просторијата што ја користат и за хигиената на заедничките простории (дворно место, влез, ходници, санитарен јазол, мини кујна доколку ја има и други заеднички помошни простории).

**Член 7**

Корисникот се задолжува, во случај самоволно да престане да го користи просторот за тоа писмено да го извести Градоначалникот најмалку еден месец пред тоа. При напуштањето на просторијата ќе се направи записник за примопредавање.

**ОБВРСКИ НА ОПШТИНАТА**

**Член 8**

Општината се обврзува:

-да овозможи несметано користење на просторот во определеното време;

-да го отстапи просторот за користење без надоместок за закупнина.

Да ги задолжи корисниците во склучените договори за начинот на одржување на објектот - (тековно одржување, струја, вода и др.начин на плаќање или изврши солемнизација на договор).

Да определи лица (претставници од општината и претставници од корисниците), при вршење увид на состојбата во објектот произлезена од тековното одржување кои ќе дадат предлог за престанок на правото на користење на просторот на корисникот.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 9**

Измени и дополнувања на овој Правилник се врши на начин и постапка по која е донесен.

Статутарно правната комисија на Советот на Општина Велес изготвува пречистен текст на правилникот, по извршени неколку промени на истиот.

**Член 10**

Со донесувањето на овој Правилник, Правлникот за користење на простории од страна на здруженија на граѓани и фондации Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 08/04), престанува да важи.

**Член 11**

Овој Правилник стапува во сила осум дена по денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 27-2300/10
31.03.2015 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Александар Колев с.р.

**74.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09,18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за давање согласност на Одлука за расходување на ситен инвентар на ООУ „Благој Кирков" Велес**

Се објавува Решението за давање согласност на Одлука за расходување на ситен инвентар на ООУ „Благој Кирков" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2015 година.

Број 08-2440/10
02.04.2015 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз онова на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06,13/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2015 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлука за расходување на ситен инвентар на ООУ „Благој Кирков" Велес**

1. Со ова Решение се дава согласност на Одлуката со број 03-56/2 од 18.02.2015 година за расходување на ситен инвентар на ООУ „Благој Кирков" Велес, донесена од Училишниот одбор на седницата одржана на 16.02.2015 година.

2. Отуѓувањето на старите предмети да се изврши на транспарентен начин, согласно позитивните законски прописи, што важат за овој начин на отуѓување.

3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 27-2300/11
31.03.2015 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Александар Колев с.р.

**Член 5**

Комисијата ќе изврши увид во фактичката состојба на основните средства, опремата и ситниот инвентар кои се предлог за отпишување и расходување.

Комисијата ќе утврди како да се постапи понатаму со предметните основни средства, опрема и ситен инвентар (истите да се оттуѓат по пат на продажба или се уништат и исфрлат во отпад).

За својата работа Комисијата е должна да состави записник и истиот да го достави до Градоначалникот на Општина Велес.

Член 6

Донесувањето на оваа Одлука ќе значи право на отпишување на утврдената вредност на отпишаните основни средства, опрема и ситен инвентар од Буџетот на Општина Велес и истата ќе ја спроведе Одделението за финансиски прашања

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-3692/8
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

**Бр. 191**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес**

Се објавува Заклучокот за донесување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.07.2018 година.

Број 08-3714/8
11.07.2018 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.07.2018 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес**

1. Советот на Општина Велес го донесе Заклучокот за донесување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-3692/9
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и члан 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.07.2018 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за дополнување на Правилникот за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес**

1. Во Правилникот за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 5/15), се врши дополнување во:

„член 8, став 3 каде после зборот „Општината“ се додава „запирка и зборовите, претставници од Комисијата“.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3692/9
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

**Бр. 192**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес**

Се објавува Заклучокот за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.07.2018 година.

Број 08-3714/9
11.07.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.07.2018 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес**

1. Советот на Општина Велес го донесе Заклучокот за донесување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3692/10
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и члан 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.07.2018 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“- Велес**

Во Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 5/06) се врши дополнување во:

„член 7, каде после став 2, да се додаваат два нови става 3 и 4 кои гласат:

„Наративниот дел од извештајот го составуваат членовите на Организациониот одбор на фестивалот, а го потпишува претседателот на Организациониот одбор на фестивалот.

Финансискиот дел од извештајот, согласно планираните средства во Буџетот го подготвува организациниот одбор во соработка со Одделението за финансиски прашања при општината.“